ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- **Министерката Шукова во посета на Делчево. Се очекува проширување на проектот за „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“**
- **Ќе се реконструира локалниот пат за с. Стамер**
- **Совет на Општина Делчево: Нова одлука за дополнително ослободување на населени места од плаќање комунална такса за јавно осветлување**
- **Чиста вода за Делчево— спортуваме и донираме— одбележан Светскиот ден на водата**


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 34 МАРТ 2023


## Министерката Шукова во посета на Делчево. Се очекува проширување на проектот за „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“




### Ќе се реконструира локалниот пат за с. Стамер




### Совет на Општина Делчево: Нова одлука за дополнително ослободување на населени места од плаќање комунална такса за јавно



### Чиста вода за Делчево- спортуваме и донираме- одбележан Светскиот ден на водата




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 21 Седница на Советот: донесена нова одлука за ослободување од плаќање комунална такса за јавно осветлување



Советот на Општина Делчево на 21 Седница едногласно донесе нова одлука за дополнително ослободување на населени места од плаќање комунална такса за улично осветлување. Со оваа Одлука, се ослободуваат од плаќање комунална такса за користење и одржување јавно осветлување имателите на електрични броила за мерење електрична енергија без јавно осветлување во следните населени места: Драмче без Димовско Маало, Петрашевец, с. Киселица, с. Илиово, с. Турија, с. Вратиславци, с. Косово Дабје, с. Селник, с. Ветрен, с. Црквенец, с.Бигла без Бумбарско Маало, место викано Долни Бавчи, место викано Бакина Ливада, место викано Брежје (потег од место викано „Манастирски ендек" кон место викано Брежје").

Согласно со Одлуката се ослободуваат од плаќање комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување имателите на електрични броила за мерење електрична енергија без јавно осветлување лоцирани и поставени на земјоделско земјиште вон мрежата за јавно улично осветлување и придружни објекти во земјоделски површини вон мрежата за јавно улично осветлување. Доколку во наредниот период се постави систем за јавно осветлување, имателите на објекти на споменатите населени места ќе бидат дополнително задолжени со наведената такса. Одлуката ќе биде доставена до Трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија (ЕВН Македонија), за нивно запознавање и понатамошно постапување.

На Седницата, советниците ги усвоија завршните сметки за 2022 на Општина Делчево, ЈЛБ „Илинден", на ОЈУДГ „Весели цветови", на ООУ Св.Климент Охридски", ООУ „Ванчо Прке", СОУ „М.М.Брицо".

Советниците донесоа Одлука за сопствено учество на Општина Делчево за проектот „Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје низводно-фаза 2. Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот кој ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година преку Центарот за развој на ИПР . Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 21.511.636 денари. За реализација на проектот ќе се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево од 30%, односно 6.453.491.00 денари со вклучен ддв.

На Седницата се донесе и Одлука за утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште, според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на Општина Делчево; се усвои и Програмата за одржување јавна чистота во Општина Делчево за 2023 година; Програма за управување со отпад во Општина Делчево за 2023 година, а се донесе и Одлука за одобрување финансиски средства на Крум Николовски за печатење на монографија за с. Косово Дабје во износ од 10.000 ден.

Совет на Општина Делчево

# Одржана 20 Седница- Донесени одлуки за нови проекти во Делчево

Совет на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево на 20. Седница расправаше и донесе одлуки по 2 точки предложени на Дневниот ред за Седницата кои се однесуваат на апликации по повици на Министерство за локална самоуправа за нови проекти на Општина Делчево.

Советниците донесоа Одлука за сопствено финансиско учество за проектот **„**Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-Општина Делчево" кој ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа и Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 6.000.000,00 денари. За реализација на проектот ќе се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Средствата потребни за реализација на проектот **„**Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-општина Делчево**"** ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година за проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби**.**

**На Седницата, советниците донесоа и одлука за** сопствено финансиско учество за проектот „Набавка на машина за метење и одржување јавен простор" кој ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Програмата за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 3.000.000,00 денари. За реализација на проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор" ќе се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Средствата потребни за реализација на проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор" ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој.

Актуелности

# Министерката Шукова во посета на Делчево. Делчево очекува проширување на проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“




УО на проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“ донесе одлука за проширување на проектот со нови 1.5 милиони швајцарски франци за изградба на нов резервоар на месноста Чука во Делчево, изградба на други објекти и корпоративен развој на ЈКП „Брегалница“, но и за партиципативно учество на Министерството за животна средина и просторно планирање и на Општина Делчево за изградба на нов водоснабдителен систем во с. Вирче. Оваа Одлука ќе биде доставена на одобрување од СЕКО- БЕРН, Швајцарија.

На денешната Седница на Управниот одбор на Проектот, на која присуствуваше и министерката за животна средина и просторно планирање, Каја Шукова, се дискутираше и за текот на реализацијата на проектот, а договорени се и активности за забрзување на реализацијата и завршување на активностите до крајот на јули годинава. Во рамки на посетата, министерката Шукова и градоначалникот Горан Трајковски, заедно со претставници на Проектот направија посета на терен и увид во изградбата на пречистителната станица за вода за пиење.

Градоначалникот Трајковски изразувајќи благодарност до Швајцарската Влада и Министерството за животна средина и просторно планирање за поддршката на Проектот истакна дека реализацијата на проектот се одвива со задоволителна динамика.

-Деновиве е воведен во работа и изведувачот на работите за фотоволтаичната централа која ќе биде со номинален капацитет од 250 kw- пик со кој се предвидува делумно покривање на потребите за електрична енергија за бунарите и филтер-станицата. Во моментов на објектот на пречистителната станица се монтира металната конструкција и филтрите за прочистување на водата. Завршена е реконструкцијата на прекидната комора и реконструкцијата на пумпната станица во Делчево, додека изградбата на водоводните системи во селата Ѕвегор и Габрово е во тек и досега се завршени над 40% од работите, но се прават напори за интензивирање и завршување на активностите, рече Трајковски.

Министерката Шукова посочи дека Министерството за животна средина и просторно планирање дополнително ќе ја поддржи Општината за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во с. Вирче, за што ќе се проектираат средства во наредниот Буџет.

-Она што сакам да го истакнам е дека Општина Делчево е општина што во преземните активности ја има вградено зелената компонента што е наша стартешка определба, има визија во проектите да применува најдобродостапни технологии и да се ориентира кон користење обновливи извори на енергија. Таков пример е токму оваа станица за прочистување на водата што користејќи ја сончевата енергија во голем дел ќе ги покрие потребите за електрична енергија за бунарите и филтер-станицата, посочи Шукова.

Актуелности

# Ќе се реконструира локалниот пат за Стамер




Општина Делчево ја објави јавната набавка за избор на најповолен понудувач за изведувач на работите по проектот „Реконструкција на локалниот пат Л-14 Делчево-с. Стамер“.

За реализација на набавката се обезбедени парични средства во висина од 5.800.000,00 денари од Република Северна Македонија преку Министерство за транспорт и врски, односно 4.915.254,00 денари без ДДВ, распределени согласно со Одлука донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија и по склучен Договор за меѓусебно регулирање на правата и обврските во однос на извршена исплата на финансиски средства склучен помеѓу Република Северна Македонија, Министерство за транспорт и врски и Општина Делчево. Договорот за јавна набавка ќе се додели со спроведување на **Поедноставена отворена постапка за набавка на работи**, а доделувањето на договорот за јавна набавка е врз основа на економски најповолната понуда која се утврдува врз основа на **цената**.

Согласно со проектот предвидена е реконструкција на локалниот пат во должина од 1,3 км, односно од клучката од регионалниот пат до влезот на селото, а предвидената ширина на патот е од 3,5 м со банкини.

Отворањето на понудите е на 22 март во 9.00 ч. на електронскиот систем на јавни набави.



Актуелности

# Зголемен интересот за производство на струја од сонце во Делчево



Во Делчево е зголемен интересот за поставување фотоволтаични централи за производство на електрична енергија од сонце. До крајот на минатата и на почетокот од оваа година до Општина Делчево се поднесени 22 иницијативи од правни и физички лица за поставување фотоволтаици на земја, а две иницијативи за фотоволтаици на кров. Општина Делчево досега има издадено 25 одобренија за изградба на фотонапонски централи од кои 10 фотонапонски централи за поставување на земја со вкупна инсталирана моќност од 10.588 КВ, а 15 за фотонапонски панели на кров со вкупна инсталирана моќност од 1.417 КВ.

Енергетската ефикасност е значајна инвестиција во време на енергетската криза и заштита на животната средина. Досега се поставени фотонапонски централи на 4 јавни објекти: административната зграда на Општина Делчево, ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“ и зградата на СОУ „М.М.Брицо“, како и изградба на енергетско -ефикасни фасади на две училишта, ООУ „Ванчо Прке“ и СОУ „М.М.Брицо“.

Преку европски проект, но и со сопствени средства на Општината, се инвестира во енергетски ефикасно јавно осветлување, при што се заменети околу 1000 живини светилки со лед-економични светилки, како и 90 лед-светилки кои се обезбедени преку Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран преку Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), во висина од 1,4 милиони денари

Енергетската ефикасност и зелената агенда се високо на агендата и главните политики кои носат развој на Делчево. За таа цел во тек е изработка на Стратегија за енергетска ефикасност за период 2023-2025 со поддршка на ХАБИТАТ-Македонија која треба да придонесе за планско управување со потрошувачката на енергија и запирање на непродуктивното трошење енергија, односно интелигентно користење на расположливите ресурси на енергија.

Целта на изготвување на овој стратешки документ за енергетска ефикасност е двојна. Прво, да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува Општината и, второ, да се дадат препораки за спроведување проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во Општината со воведување мерки за подобрување на енергетската ефикасност и намалување на емисиите на CO2, како и зголемување на јавната свест во врска со енергетската ефикасност.

Актуелности

# Се пошумуваше опожарената површина над делчевски Стар Истевник



Во организација на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Национални шуми се организираше акција за пошумување и обнова на опожарена површина со пожарите од 2021 година на територија од Општина Делчево. Денеска се пошумуваше на месноста Браниград над с. Стар Истевник, каде активно се вклучија вработени во Општина Делчево, вработени во МЗШВ и ЈП Национални шуми.

На локацијата се засадуваа садници од багрем и црн бор, произведени од расадникот на ЈП Национални шуми „Дервишица“ во Делчево. Согласно Програмата за проширена репродукција на Министерството за оваа 2023 година е предвидено пошумување на површина од 51 ха, каде ќе се засадат околу 102.000 садници

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

# Општина Делчево додели грант-средства на граѓански и спортски здруженија

Актуелности

Општина Делчево распредели 1.160.000 денари од планираните 1.290.000 денари во Буџетот за поддршка на проекти и годишни програми на граѓански и спортски здруженија за 2023 г. Соодветните комисии ги утврдија листите на граѓанските организациите и спортските клубови кои добиваат поддршка Општина Делчево во 2023 г.

Комисијата за спорт ја утврди следната

ЛИСТА за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот од Општина Делчево за 2023година

1. Здружение ФУДБАЛСКИ КЛУБ БРЕГАЛНИЦА-СЕНИОРИ Делчево—290.000 денари
2. Кошаркарски клуб ПАТРИОТ 2016 Делчево—200.000 денари
3. Здружение ракометен клуб ДЕЛЧЕВО-ВАРДАР Делчево—90.000 денари
4. Кик-боксингклуб АС Делчево - 50.000 денари
5. Здружение спортско риболовно друштво БРЕГАЛНИЦА Делчево - 50.000 денари
6. Планинарски спортски клуб ГОЛАК –Делчево—50.000 денари
7. Училишен спортски клуб ШАМПИОН-ДЕЛЧЕВО Делчево—20.000 денари
8. Училишен спортски клуб КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ДЕЛЧЕВО Делчево - 20.000 денари

Црвен крст на РСМ-Општинска организација Делчево

Проект: Тридневен едукативен камп со организација на натпревари , 30.000 денари

### Комисијата за доделување финансиска помош на граѓански организации, ја утврди следната листа

1. Здружение на пчелари-два

Проект: Програма за унапредување и развој на пчеларството во Општина Делчево, 20.000 денари

2. Здружение на роднокрајни автори ПИЈАНЕЧКИ ГЛАС Делчево

Проект: „Културни хоризонти“, 30.000 денари

3. Здружение Ф.Г.„Копачка“с. Драмче Делчево

Проект: Годишна програма „Прослава на јубилеј- постоење на ЗФГ КОПАЧКА с.Драмче, Делчево—50.000 денари

4. Ромски културен и едукативен центар „ТЕРНИПЕ МК“ Делчево

Проект: „Со реализација на правата кои ми припаѓаат“ - 30.000 денари

5. ПЛАНИНАРСКИ СПОРТСКИ КЛУБ ГОЛАК-Делчево

Проект: Проект за мрежа на рекреативно-планинарски патека Свети Води—50.000 денари

6. Здружение Регионален центар за застапување-Делчево

Проект: Буџетски форум 2024 година - 90.000 денари

7. КУД „Гоце Делчев“

Проект: Набавка на опинци, реквизити и носии за КУД „Гоце Делчев“ Делчево - Традицијата продолжува—90.000 денари

Актуелности

# Ќе се реконструира училишната зграда во с. Тработивиште



Седумдесет години старата училишна зграда во с. Тработивиште ќе се реконструира преку Програмата РОМАКТЕД фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво.

Општина Делчево ја објави Јавната набавка за „Реконструкција на одредени делови во ООУ „Св.Климент Охридски" село Тработивиште во рамки на РОМАКТЕД фаза 2, „Промовирање добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво". За реализација на набавката се обезбедени финансиски средства од Совет на Европа и од Европска Унија во висина од 14,935.58 евра, односно 1.000.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Договорот за јавна набавка ќе се додели со спроведување постапка со објавување Оглас за набавка од мала вредност. Економски најповолна понуда се утврдува врз основа на цената. Доколку се исполнети законските услови ќе се одржи е–аукција на електронскиот систем за јавни набавки. Јавното отварање ќе биде на електронскиот систем на 04.04.2023 година со почеток во 9 часот.

Согласно проектот се планира адаптација на три училници, санитарни јазли и приклучок на фекална канализација. Целта на реализација на проектот е подобрување на условите за работа во училиштето.

Инаку, ПОУ „Св.Климент Охридски" во с. Тработивиште е изградено во 1954 година и од тогаш има континуирана настава во училиштето, каде моментално учат 33 ученици од кои 17 се од ромска етничка заедница.

Актуелности

# Приврршува реконструкцијата на санитарните јазли во ООУ „Ванчо Прке“



ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево е единственото училиште во Делчево, каде се изградија тоалети за ученици со посебни потреби. Во рамките на проектот за реконструкција на санитарните јазли во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево, финансиски поддржан од МОН, покрај реконструкцијата и промената на водоводната инсталација, поставувањето нова санитарна опрема и плочки во сите 12 тоалети во училиштето, се изградија и два тоалети за ученици со посебни потреби. Инвестицијата на реконструкцијата е на МОН, а вредноста е 6.608.000 ден, цена без ДДВ.

Денеска на увид во завршните градежни работи направи градоначалникот Горан Трајковски кој истакна дека реализацијата на овој проект се решава горливиот проблем со санитарните јазли во училиштето, а значително се придонесува и за подобрување на хигиенските услови во училиштето.

-Ме радува фактот што раководството на училиштето максимално се вложува за да се овозможат современи услови за настава и работа. Училиштето е изградено пред 50 години и сите проекти кои се реализираат досега и оние кои менаџментот на училиштето со наша поддршка ги планираните за наредниот период, се во таа насока, истакна Трајковски.

Директорот Горан Велков потенцираше дека градежните работи за реконструкција на санитарните јазли во училиштето треба да завршат до крајот на овој месец, а со подобрување на временските услови ќе продолжи и изградбата на енергетско-ефикасната фасада на училиштето што ќе донесе и поголема заштеда на енергија и помалку трошоци за греење на училиштето.






Актуелности

# Одбележан Денот на крводарителите и Денот на Црвениот крст на РСМ




По повод Денот на крводарителите и Денот на Црвениот крст на Република Северна Македонија, во Делчево се одржа пригодна свеченост во рамките на која беа доделени награди и признанија на крводарителите од Делчево кои дарувале крв по 50, 25 и 10 пати.

Настанот беше во организација на Општина Делчево и на ОО на Црвен крст на РСМ, а целта е да се одбележи денот кој го означува постоењето, дејствувањето, а воедно и успехот на сите волонтери, вработени, поддржувачи и безброј активисти кои овозможија оваа организација да опстојува толку време низ годините, но и да се оддаде признание на крводарителите од Делчево за нивната хуманост и спасените човечки животи.

Градоначалникот Трајковски кој ги поздрави присутните истакна дека крводарителите се нашите херои-со име и презиме и во чија мисија е спасувањето животи.

– За нивната хуманост, како градоначалник, изразувам благодарност до сите крводарители, посебно до Ангел Михаилов, Митко Миленковски, Игорчо Димитровски, Орце Димитровски, Кирчо Миленковски за 50 пати дарувана крв, но и за сите крводарители кои дарувале крв и по 25 пати и 10-пати. Во оваа прилика посебно ќе ги споменам женските крводарители кои иако претставуваат 10% од вкупниот број крводарители, сепак, воведуваат нова традиција на крводарување во Делчево и покажуваат дека донирање крв не е само „машка работа“: Ивана Смилевска, Сара Ѓеоргиевска, Билјана Ѓеоргиевска, Гордана Спасевска, Тања Цековска, Ирена Шехтанска, Емилија Атанасовска кои 10-пати дарувале крв, нагласи Трајковски.

Претседателката на ОО на Црвениот крст-Делчево, д-р Билјана Ѓеоргиевска посочи дека во последните години значително е зголемен бројот на крводарители во нашиот град, а доброволното дарување крв претставува израз на високи етички и морални вредности и спасува животи. Д-р Виолета Ѓорѓевска од Институтот за трансфузиона медицина го потенцираше значењето на доброволно дарување крв и додаде дека минатата година во Делчево се собрани 1200 крвни единици што е значајна и импозантна бројка.

ОО на Црвениот крст додели на Општина Делчево Благодарница за изграденото партнерство и за перманентната поддршка и придонес во реализацијата на активностите на Црвениот крст на РСМ.

# „Чиста вода за Делчево- спортуваме и донираме“.

Актуелности



По повод Светскиот ден на водата, 300 ученици од основните училишта од Делчево, заедно со дечиња од детската градинка и од Дневниот центар за лица со посебни потреби, се вклучија во настанот „Чиста вода за Делчево- спортуваме и донираме“. Целта на активностите е значајна: да се подигне свеста за значењето на чистата вода за пиење и да се потенцира значењето за Делчево на проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“, финансиски поддржан од Швајцарската Влада и од Владата на РСМ, но и да се сврти вниманието кон хуманоста и да се помогне на оние на кои им е потребна помош.
Во рамките на настанот, освен ликовни творби на тема „Чиста вода за Делчево“, штитениците од Дневниот центар со посебни потреби изработија макета на тема „Брегалница“, а беше организирана и спонзор трка, во која натпреварувачите трчаа и за секој поминат километар добиваат надомест (награда) која потоа ќе биде донирана на децата со посебни потреби.
Од Делчево се собрани околу 80.000 денари, дел се материјални награди, а дел парични средства. Од Проектот за водоснабдување на Делчево и консултантската фирма ЕБП од Швајцарија, се собраа 2.500 швајцарски франци. Овие средства ќе бидат наменети за купување реквизити за сензорните соби во двете основни училишта и за Дневниот центар за лица со посебни потреби.





Актуелности

# Екоакции по повод Денот на пролетта



Првиот ден од пролетта, 21 Март, одбележан со екоакции во училиштата, но и пролетно разубавување на градот.

Учениците од ООУ „Ванчо Прке“ заедно со двете подрачни училишта во село Ѕвегор и село Габрово го чистеа училишниот двор од отпадоци, собираа лисја, ги чистеа спортските терени и зелени површини. Во состав на овие активности, посадија и млади садници кои се подарок од ЈП „Македонски шуми“ -Подружница Делчево со што се збогати училишниот двор со нови дрвца. Екосекцијата со учениците од деветто одделение организираа едукативна промоција на еколредностите: чист воздух и чиста вода за пиење и пренесоа пораки за заштита на животната средина и природните ресурси, а во настанот се вклучија и ликовната и литературната секција.

Акции за чистење на училиштето организираа и учениците од СОУ „М.М.Брицо“. Тие го чистеа училишниот двор, но и училниците, спортската сала и конгерсната сала, додека учениците од ООУ „СВ.Климент Охридски“ засадуваа цвеќиња, го чистеа училишниот двор, а подготвија посебна програма со која го одбележаа и Денот на пролетта и Денот на водата.

Традиционално по повод Денот на пролетта се врши и пролетно разубавување на градот. Екипи на ЈКП „Брегалница“ засадуваа пролетни цвеќиња и садници. Денеска се засадија 1.000 цвеќиња и 30 садници јасен на новата тревна површина кај пешачкиот мост „Гоце Делчев“. Акцијата за засадување цвеќиња продолжува и наредните денови и планирано е да се засадат уште 3.000 цвеќиња на јавните површини.

Во изминтатите неколку денови, ЈКП Брегалница интензивно работеше на расчистување на јавните зелени површини, а со градежна механизација и со засејување трева се изврши уредување на просторот кај новиот пешачки мост на површина од 3000 м2. Нова тревна површина се подготвува и од другата страна на кејот на реката Брегалница.







# Локална дискусија за Националната стратегија за млади 23-27

Актуелности




Во Делчево се одржа локална дискусија за Националната стратегија за млади 23-27, како дел од втората фаза од консултативниот процес при креирање на новата Национална стратегија како значаен документ за младите. Настанот се реализира во организација на Агенцијата за млади и спорт и поддржувачите на процесот, а во рамки на истиот присуствуваа заинтересирани млади од Делчево и од регионот.

-Делчево е една од последните консултативни средби коишто ги спроведуваме како Агенција за млади и спорт за изработка на новата Национална стратегија којашто ни е во тек. Пред сè, ни е многу значајно да го слушнеме гласот на младите, бидејќи сакаме оваа Национална стратегија да биде инклузивно транспарентна и да дадеме можност секој да учествува и да го даде своето мислење за истата, зошто се работи стриктно за младите. Во нејзината изработка ангажиравме експерти коишто беа избрани на јавен повик, експерти коишто го даваат целиот придонес за да се изнајде најдоброто решение за Стратегијата, истакна Стефан Степаноски, соработник за младинска политика и граѓански сектор при Агенцијата за млади и спорт.

Целта на овие средби е да се отсликаат реалните потреби на младите, а се очекува Стратегијата која произлегува од Законот за млади од 2020 година, да биде усвоена најдоцна до месец мај оваа година.

Агенцијата за млади и спорт овие средби ги реализира во соработка со Програмата за развој на Обединети нации – УНДП, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Фондот за население на Обединети нации – УНФПА.



Актуелности

# Третоодделенците од ООУ „Ванчо Прке“ на средба со градоначалникот



Четириесет ученици од трето одделение од ООУ „Ванчо Прке“ денеска одржаа час по предметот општество со градоначалникот Трајковски во просториите на Општина Делчево.

Запознавајќи ги учениците со надлежностите на Општината, со должностите на градоначалникот, проектите кои се работат, а се во функција на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, градоначалникот Трајковски одговараше и на прашања на учениците. Учениците се интересираа за обврските на еден градоначалник, како изгледа еден работен ден на градоначалникот, поставуваа прашања за активностите кои се спроведуваа за заштита на животната средина, за планираните проекти во училиштата. Подаривајќи му листа со детски желби на градоначалникот, учениците побараа зелени населби и училишта и детски игралишта.

Посетата на ученици на Општина Делчево и на градоначалникот се организира редовно во рамките на предметот општество и во соработка на Општината со образовните институции, а целта е учениците изворно да се информираат за надлежностите на општината, нејзините органи, начинот на носење одлуки и сл.

По средбата со градоначалникот, учениците го посетија и Музејот на град Делчево, а се запознаа и со културното и фолклорното богатство на Делчево.







# Одбележан Светскиот ден на поезијата



Со промоција на книжевни дела од авторката Јасмина Јошевска, Јавната локална библиотека „Илинден” од Делчево го одбележа 21 Март, Светскиот ден на поезијата. Во рамки на настанот беа промовирани 7 дела од македонската авторка.

-Јасмина Јошевска е поетски глас кој припага на поновата македонска поетска генерација, која се наметнува со автентичен поетски израз. Книгите на Јасмина се драгоцени и ретки, бидејќи смирено го менуваат нашиот мисловен и емотивен пулс. Промовираме дела од кои повеќето се збирки поезија и еден роман од нашата авторка. Јавната локална библиотека отсекогаш ги поддржувала сите наши македонски автори, особено нè радува што денес имаме таква можност за Светскиот ден на поезијата. Од име на установата на авторката ѝ посакуваме уште многу нови дела и многу промоции, рече директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска.

Авторката Јошевска изрази задоволство што пред присутните имаше можност да каже нешто повеќе за своите шест збирки поезија својот мини роман, за кои црпи инспирација од секојдневието. Упати порака за уште поголема поддршка на македонските автори кои според неа тоа го заслужуваат.

Библиотеката во моментот ги има набавено сите дела од авторката, меѓу кои „Долина на солзите“, „Клавир на животот“, „Од чешмата на времето“ и други кои се веќе достапни за читателската публика од Делчево.

Култура

Култура

# Промоција на монографијата „Драмче – споменик низ времето“




Во организација на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров” во Делчево беше промовирана монографијата „Драмче – споменик низ времето” од роднокрјаниот автор Христина Деолска.

Во монографијата низ текст и слики се опфатени природно-географските карактеристики, стопанството, образованието, здравството, фолклорот и традицијата од неговото создавање, па до денес, со посебен осврт на втората половина на минатиот век. Збогатена е со сеќавањата на личности кои живееле, учеле или работеле во селото, податоци кои беа доловени преку литературен осврт од страна на членови на Експерименталното театарче.

Како што истакна рецензентот Александар Атанасовски, професор по историја на универзитетот Св.Кирил и Методиј делото претставува збир на информации карактеристични за издавањето на ваков тип на книги.

- Мојот живот целосно е поврзан со Драмче, така што беше чест да се учествува со свои совети во неговата подготовка. Во книгата се опфатени голем број податоци за Драмче со најголем осврт на 13 век. Го поздравувам трудот на авторката која и покрај сите предизвици успеа, и ѝ посакувам уште многу дела, рече Атанасовски.

Промоцијата „Драмче – споменик на времето” беше посветена на 75- годишниот јубилеј на Фолкорната група „Копачка“, а поводот беше искористен правнукот на

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**